**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**

**- Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животна средина и локален економски развој –**

**Бр. 11-80/1**
**Од 10.01.2025 година**

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање ( Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02), член 65 од Статутот на општина Чучер-Сандево го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**За организирање на јавен увид на изработен**
**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2823/1 и 2824/1, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**

Проектниот опфат е дефиниран со изработката **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2823/1 и 2824/1, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево** и коинцидира со границите на КП 2823/1 и КП 2824/1, КО Глуво Бразда. Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 9694.036 m² или 0,9694 ha.

Границата на проектниот опфат за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2823/1 и 2824/1, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево,** подетално опишана:

- **на север** започнува од најсеверната точка 15, и се движи во источен правец долж границата со КП 2825/1, КО Глуво Бразда, се до најисточната точка 3;
- **на исток** границата се движи од точката 3 во јужен правец долж границата со КП 2832, КО Глуво Бразда, се до најјужната точка 5;
- **на југ** границата се движи од точката 5 во западен правец, долж границите со КП 2803; 2804; 2805 ; 2806; 2808/2; 2808/1; КО Глуво Бразда се до точката 13;
- **на запад** границата се движи од точката 13 во северен правец, долж границата со КП 2822/1, КО Глуво Бразда се до почетната точка 15;

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2823/1 и 2824/1, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево,** ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Чучер Сандево: https://cucersandevo.gov.mk/.

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението започнувајќи од 15.01.2025 година.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со проектот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Изработил:**
Бојана Палифровска, миа

**Градоначалник на Општина**
**Чучер Сандево**
Сашко Комненовиќ